# ЈАВЕН ПОВИК за ангажирање на експерт за изработка на научна студија за состојбите со безбедност и здравје при работа во дејностите на образование, наука и култура, познавање на стандардите за БЗР и нивна примена во институциите од споменатите дејности во Република Северна Македонија

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија за потребите на проектот ,,Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука" објавува Јавен повик за ангажирање на експерт за изработка на научна студија за состојбите со безбедност и здравје при работа во дејностите на образование, наука и култура, познавање на стандардите за БЗР и нивна примена во институциите од споменатите дејности во Република Северна Македонија.

Барањето за доставување на понуди може да се погледне на следниот линк:

- Барање за доставување на понуди за изработка на научна студија за
потребите на проектот ,,Безбедност и здравје при работа

[во дејностите на образование и наука”, референтен број на проектот (0302-15/19)]

---

# ОДРЖАНА ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОДРЖАНИТЕ СЕМИНАРИ СО ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

Советот на СОНК на третата редовна седница, одржана на 25-ти и 26-ти јуни, 2016 година, како главна точка на дневен ред, расправаше по Извештајот за одржаните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК.

Во обемната расправа, во која учествуваа најголемиот дел од членовите на Советотна СОНК  (кој брои вкупно 43 членови), се направи опстојна анализа на резултатите од одржаните едукативни семинари во сите регионални одбори на СОНК. Заедничка оценка од дискусиите беше,  дека семинарите биле добро организирани и од страна на учесниците на истите оценети се како многу потребни и корисни.

Посебно за одбележување е заедничката оценка на членовите на Советот, дека преку одржаните семинари, на кои учествувале 451 претседатели на синдикални организации, дека се детектирани и неколку по изразени слабости во дел од синдикалните организации, како и во одредени регионални одбори. Тоа не е состојба која треба да се смета дека е со некои сериозни размери и е вообичаена, особено во организации

со огромен број на членство, како што е нашиот Синдикат. Но, за пофалба е подготвеноста на раководството, отворено да се разговара за таквите проблеми и навреме да се превземат активности, согласно Статутот на СОНК, за нивно што побрзо надминување. Радува фактот што сите членови на Советот, покажаа целосна подготвеност за надминување на ваквите состојби.

Издвоени се неколку детектирани слабости во организацијата. Една од нив е постоењето на значаен број на претседатели на синдикални организации ( вкупно 573 на ниво на држава) и тоа во сите дејности, како и во сите регионални одбори, кои недоволно ги проучиле Статутот и Програмата на СОНК, без кои е невозможно да бидат на висината на одговорноста што ја презеле како претседатели на синдикални организации. Исто така, евидентирано е дека значаен број на претседатели на синдикални организации, многу малку или без малку целосно, не ги познаваат колективните договори по дејности што ги има потпишано нашиот Синдикат со ресорните министерства, законите на дејностите, како и одредбите од ЗРО, барем во делот на синдикатите и колективните договори.



Има еден помал број на синдикални организации во кои е констатирано дека, многу ретко се одржуваат состаноци со

членовите на тие организации, а претседателите на истите, на состаноци на регионалните одбори, настапуваат со изјави дека тоа се ставови, мислења, предлози, барања на членовите од конкретната организација! Таквите состојби се целосно неприфатливи и во наредниот период,  регионалните одбори мора да посветат многу повеќе внимание на истите, а нивното надминување да биде согласно Статутот на СОНК.

Во однос на регионалните одбори, Советот констатира дека, генерално истите добро ги завршија истите за организирање и реализирање на едукативните семинари и во основа солидно ги извршуваат обврските согласно Статутот на СОНК и документите што ги усвојува Советот на СОНК.  Меѓутоа, беше констатирано дека неколку регионални одбори не ја остваруваат потребната комуникација и размена на информации со централното раководство на Синдикатот, во некои случаи и во подолг временски период. Има неколку примери на регионални одбори, кои со одредени свои активност излегуваат од надлежностите што ги имаат со Статутот на СОНК. За надминување на ваквите состојби, беше договорено во наредниот период задолжително да се почитуваат правата  и обврските од Статутот на нашиот Синдикат.

По обемната и плодна дискусија, Советот усвои заклучок да се изготви Програма за синдикална едукација на сите нивоа и на првата наредна седница на Советот на СОНК да се усвои истата и да продолжат активностите за организација на семинари за едукација членовите  на нашиот Синдикат.

Ќе го одбележиме и Заклучокот, што едногласно го усвои Советот на СОНК за покренување на званично барање пред надлежните институции и органи во државата, за правична и правна поделба на т.н. синдикален имот, стекнат во поранешниот општествен систем.

# СОНК БАРА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ

**ОДРЖАНА 12-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК**

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, (највисок орган на одлучување помеѓу два конгреса), на 09.06.2018 година ја одржа својата 12-та редовна седница.

На оваа седница беа разгледани состојбите во дејностите: детска заштита, основно, средно и високо образование, наука и култура. Врз основа на исцрпната расправа Советот едногласно ги донесе следниве **Заклучоци**.

# ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

1 ви мај – меѓународниот ден на трудот, повеќе од 100 години претставува симбол на борбата на работниците за остварување на нивните права за достоинствена работа, за живот, за

демократија, за слобода.

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија нема да се приклучи кон славењето на овој ден од многу едноставна причина, бидејќи состојбата на работниците во Македонија не е за славење. Заради тоа, ќе кажеме дека го одбележуваме овој меѓународен ден на трудот, на кој ден во минатото борците за работничките права ги дале и сопствените животи во борбата за остварување на човековите права за 8 часа работа, 8 часа рекреација и 8 часа одмор.

Оваа година  1-ви мај во Македонија се одбележува во посебни услови, кога во светот и кај нас се прогласени вонредни услови од пандемија на вирусот COVID-19. Во вакви вонредни услови на живеење и работа, имаме и вонредни мерки предложени и усвоени од Владата, кои одат во правец на намалување на правата на работниците по однос на нивниот  социо-економски статус, како и правото на нормално живеење, работење, функционирање.

СОНК, во повеќе наврати, бараше од Владата да ги преиспита своите Одлуки и воедно да ги повлече сите оние Уредби коишто се однесуваа за намалување на платите на работниците во јавниот сектор, како и укинување на додатоците на плата, коишто се права загарантирани со закон и колективен договор. СОНК, исто така, жестоко реагира и изразува големо незадоволство од Владата, која што практично без никаков социјален дијалог, со репрезентативните синдикати, особено со СОНК, кој што е убедливо најголем синдикат во јавниот сектор, носи Уредби со кои еднострано ги суспендира, односно ги прекршува Законот за работни односи, законите за дејности, колективните договори и меѓународните конвенции, кои го гарантираат правото на плата и додатоци на плата на работниците. СОНК стои на својот став дека, дури и во вакви околности, односно и во вонредна состојба на државата, мора да се почитува правото на социјален дијалог и партнерство, особено кога се работи за вакви осетливи прашања, што се однесуваат на социјалната сигурност на работниците. Исто така, не смееме да го премолчиме фактот што веќе една година

Комисијата за утврдување на репрезентативност избегнува да се состане и да утврди, согласно фактичката состојба, репрезентативност на национално ниво на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија. Оттука, се поставува прашањето зошто не се дава репрезентативност на КСС и дали има некаков договор помеѓу власта и дел од членовите на оваа Комисија?! Веројатно одговорот ви е познат, а резултат на тоа е вистинскиот синдикат кој се залага за зачувување и подобрување на правата на работниците – КСС, да се дистанцира, замолчи и да не му се даде можност да учествува во таканаречениот Економско-Социјален Совет и на таканаречените преговори со Владата, каде што со тежината на своите аргументи ќе ги оправда своите забелешки, сугестии и предлози, во правец на надминување на оваа исклучително тешка положба за целата држава, за работниците, за работодавачите….

Од тие причини, СОНК упатува барање до Владата, оваа, но и идната, со кои што:

1. Ќе се врати демократијата во синдикалното организирање и дејствување, како и почитување на репрезентативноста на синдикатите.
2. Ќе се подигне социјалниот дијалог и партнерство на највисоко ниво, согласно домашните закони, колективните договори и меѓународните конвенции.
3. Владата да обезбеди мерки, со кои што ќе се сведе на минимум отпуштањето од работа на работниците заради моменталната вонредна состојба.
4. Владата со сериозен пристап да ги разгледа предложените антикризни мерки од Конфедерацијата на слободни синдикати – КСС и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР.
5. Владата, сега и во иднина, да се откаже од намерата за кратење на плати и додатоци на плати на работниците, со што би заштедиле средства, со кои ќе се инвестира во последиците од кризата.
6. Владата да ги искористи сите национални расположливи

човечки ресурси, без разлика на партиска припадност, во изнаоѓање на најсоодветни прифатливи решенија за надминување на оваа економска криза.

СОНК е свесен за моменталната ситуација на државата, особено од аспект на нефункционирање на голем дел од приватниот сектор, што предизвикува отпуштање на работници од една страна, како и немање на капацитет за полнење на буџетот, од друга страна. Исто така, свесни сме дека оваа здравствена криза се преточува во светска економска криза, која што несомнено нема да ја заобиколи и нашата држава. Од тие причини, уште еднаш укажуваме на сериозноста на овој проблем и потребата за консензус меѓу политичките субјекти во државата, во однос на изноѓање најдобри економски мерки и решенија, за што е можно побезболно да се надмине кризата. Секако и ние како синдикати се ставаме на располагање, со сиот наш капацитет, заедно здружени и единствени да помогнеме во ваквата ситуација.

Ние сме убедени дека доколку се искористат капацитетите на СОНК и КСС, без се фаворизира некој квази синдикат, кој што од формален карактер се претставува како единствен заштитник на работничките права, тогаш во тој случај ќе имаме многу повеќе шанси за успех и што побезболно излегување од оваа здравствена и економска криза.

Ни престои неизвесен и тежок период, период на отпуштања и економска криза и конечно дојде вистинско време синдикатите во Македонија да го оправдаат името "Синдикат" и цврсто да застанат во одбрана на работничките права.

**ДА ЖИВЕЕ 1-ВИ МАЈ, ДА ЖИВЕЕ СОНК, ДА ЖИВЕЕ КСС, ДА ЖИВЕЕ МАКЕДОНИЈА – ДА ЖИВЕАТ РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА.**

# Новиот состав на Регионалниот одбор на СОНК – Охрид со стари проблеми

На ден 31.01.2022 година, Регионалниот одбор на СОНК – Охрид ја одржа својота прва работна средба, на која претседателите на синдикалните организации му посакаа добредојде на новиот претседател.
Во текот на работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на Регионалниот одбор, а претседателите на синдикалните организации беа известени дека продолжува соработката со локалната самоуправа на сите полиња, како и субвенционирањето по однос на превозот кон вработените-членови на СОНК.
Посебен акцент беше ставен на Заклучоците од Советот на СОНК, во делот на зголемувањето на платите, потпишувањето на Колективните договори кои се во завршна фаза и трансформација на работните места.
Работната средба беше завршена со заеднички заклучок да се продолжат преговорите со социјалните партнери, кои се однесуваат на усогласување на платите во детските градинки и образовните институции со минималната плата на национално ниво, како и за отворените проблеми во однос на платите со административните сужбеници и помошно-техничкиот персонал во културните институции.

# ЧЕСТИТ 8ми МАРТ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖЕНАТА